РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
30-08-2021
41 348/1

**До: __општина Битола________________________________________**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: __________________ мобилизатор во проектот за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија - проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) спроведен од ИФЕС и НМСМ. __________ о. Аеродром, Скопје, ______________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во месец април побарав информација од вас за тоа до каде сте со вашите обврски од 2020 година за да се отвори младински центар со поддршка на АМС и СМР во вашата општина, покрај одговорот дека постапката е започната, се уште нема јавни информации дека младинскиот центар е отворен. Дали ќе го отворите центарот до крајот на 2021 година? До каде е постапката за отварање на младинскиот центар, дали воопшто имате обезбедено простор за центарот? Ја имате ли започнато постапката за бирање на организација/правно лице кое ќе раководи со центарот?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак: 4105
Рок на чување: 3 год.
20.01.2022 година
Потпис

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во _Скопје_, _28 април 2021_ година.** ______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

# Fw: Барање за пристап до информации од јавен карактер

1 message

**Evgenija B. Josifovska** <e.b.josifovska@hotmail.com> Thu, Aug 19, 2021 at 2:51 PM
To: Cvetanka odnosi so javnost <cvetankam84@gmail.com>

**From:**
**Sent:** Thursday, August 19, 2021 2:31 PM
**To:** Evgenija B. Josifovska <e.b.josifovska@hotmail.com>
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана Евгенија,

Во овој е-маил ви испраќам пополнет образец на барање за пристап до информации од јавен карактер од општина Битола.

Како мобилизатор на заедницата во проектот за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија (проект на Швајцарската агенција за развој и соработка, а спроведен од ИФЕС и НМСМ) една од обврските ми е мониторирање на мерката од програмата на Влада за 2021 предложена од АМС за спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, односно отварање на младинските центри. За таа цел Ве замолувам за информација од јавен карактер која треба да ја има општина Битола.

Ви благодарам однапред!

*Секое добро/Best regards,*

*Contact:*

*please consider the environment before printing*

**Барање до општина Битола август.pdf**
74K

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Одделение за јавни дејности

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 23-08-2021

До
Марија Стојановска
Службеник за млади

Бр. 41-348/2
23.08.2021

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-348/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од мобилизатор во проектот за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија – проект на Швајцарската агенција за развој и соработка спроведен од ИФЕС и НМСМ.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Примил
23.08.21

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Одделение за јавни дејности

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 23-08-2021

До

Марија Стојановска

Службеник за млади

Бр. 41-348/2

23.08.2021

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-348/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Софија Стојановска, мобилизатор во проектот за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија – проект на Швајцарската агенција за развој и соработка спроведен од ИФЕС и НМСМ.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 30.08.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | -348/3 | | |

До
Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање со бр. 41-348/2 од 23.08.2021

Во врска со Вашето барање бр. 41-348/2 од 23.08.2021 Ве информираме дека Младинскиот центра не е отворен, во месец август имавме посета од претставници на Националниот младински совет со кој се договоривме за просторот но поради започнувањето на локалните избори сите активности се стопирани и се договоривме да ги реалиизраме веднаш после изборите. Обезбедени се средства за реновирање на просторот и набавка на опрема од страна на НСМ и очекуваме дека до крајот на 2021 год. ќе го отвориме. Исто така во соработка со младинските здруженија на граѓани ја имаме договорена постапката за бирање на организација која ќе раководи со центарот. Во буџетот на Општина Битола 2021 со ребалансот во јуни предвидени се средства во износ од 150.000 ден за работа на овој центар.

30.08.2021

Раководител на одд. за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-348/4
02.09.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

## РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот , мобилизатор во проектот за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија – проект на Швајцарската агенција за развој и соработка спроведен од ИФЕС и НМСМ со број 41-348/1 од 20.08.2021 за пристап до информација:

- Прашањето е фотокопирано на следната страна

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

# Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

1 message

**Cvetanka Ristevska** <cvetankam84@gmail.com> Fri, Sep 3, 2021 at 8:16 AM
To:

Почитувана,

Во прилог Ви доставувам одговор на Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за потврда на добиениот одговор.

Со почит

--
Цветанка Ристевска
Раководител на одделение за административни
и општи работи
Општина Битола

+389 76 48 57 54
cvetankam84@gmail.com
contact@bitola.gov.mk

**Odgovor za Sofija Stojanovska.pdf**
180K